Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16 и 165/17 ) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинската управа донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот број 05-054057/18-0014 од 26.07.2018 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди со оглас број 12/2018 за доделување на договор за јавна набавка на „Набавка на клима уреди “, како најповолен понудувач се избира:

**Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство, трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани**

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, директорот Царинска управа донесе Одлука за јавна набавка број 05-054057/18-0002 од 25.06.2018 година за набавка на „Набавка на клима уреди “.

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ од 800.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2018 година, од кои 100.000,00 денари се обезбедени на сметка 631, програма 20, ставка 480, а 700.000,00 ќе се обезбедат со дополнително барање за проширување на буџетот за 2018 година на сметката 787, програма 20, ставка 480.

За набавката се спроведе постапка со барање за прибирање на понуди, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со електронска аукција како последна фаза од постапката, согласно член 22, член 100 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-054057/18-0014 од

26.07.2018 година со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере најповолниот понудувач Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство, трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани (ЕДБ 4013992100094 / ЕМБС 4551931), со поднесената понуда преку ЕСЈН.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, незадоволниот економскиот оператор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 3 (три) дена од денот на прием на известувањето за избор. Жалбата истовремено се доставува и до договорниот орган.

Директор
м-р Гоце Танасоски

Бр. 05-054057/18-0016
Скопје, 27.07.2018г.

30. 07. 2018

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Јовица Матески
Одобрил: Мирјана Станоева
Согласен: Александар Петковски